**Образец бр.1**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за сметководството за непрофитните организации |
| Министерство: | Министерство за финансии |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Ленче Тагасовска<br>lence.tagasovska@finance.gov.mk<br>02/3106-746 |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | Септември, 2010 |
| Поврзаност со ЕУ директиви | Нема |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

A. Почетна проценка на влијанието на регулативата

1. Кои се главните проблеми?

Поради порастот на куповната цена и останатите трошоци за набавка на средствата се наметна потребата да се зголеми висината на набавната вредност на долгорочните средства согласно која истите ќе се класифицираат како ситен инвентар кој се отпишува еднократно.

Исто така, измените и дополнувањата на Законот за сметководството за непрофитните организации произлегоа од обврската за усогласување на казнените одредби со Законот за прекршоци во поглед на утврдување на висината и распонот на глобата, водењето на постапка за порамнување и утврдувањето на надлежниот суд како орган пред кој ќе се води прекршочната постапка. Воедно, Предлогот на Закон е во согласност и со дел од мерките за унапредување на казнената политика која се утврди и е резултат на постојните

проблеми со високите казни, преголемите барања во законите, недореченостите во законите итн.

2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

Опција 1: Не прави ништо. Опцијата "не прави ништо" се користи како параметар за споредба на трошоците и користите од останатите опции (baseline).

Опција 2: Донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за сметководството за непрофитните организации со кој поединечната набавна вредност на долгорочните средства од 100 евра ќе се замени со 300 евра во денарска противвредност за да истите се класифицираат како расход кој се отпишува еднократно. Воедно, се врши усогласување со Законот за прекршоци во поглед на утврдувањето на висината и распонот на глобите, воведувањето на можноста на прекршителите пред поведување на прекршочната постапка која ќе се води пред надлежен суд да им се понуди постапка за порамнување. Со Предлог на Законот се врши и реализација на дел од мерките кои се во насока на унапредување на постојната казнена политика.

3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

Министерство за правда и Секретаријат за законодавство.

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

Законот за прекршоците и Информацијата со предлог - мерки за унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија.

2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

Нема потреба од прибирање дополнителни информации и податоци

3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?

За овој Предлог на Закон ќе се спроведе Иницијална проценка на влијание на регулативата.

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

Нема да се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата, спроведувањето на истата ќе се врши од страна на вработените на Министерството за финансии.

**Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси**
(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија)

<u>В. Временска рамка</u>

1. Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?

Август 2010 година.

2. Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?

Не се планира вклучување на надворешни консултанти.

3. Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?

Ноември 2010 година.

<u>Г. Ресурси</u>

1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ?

Спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ќе се врши од страна на редовно вработените во Министерството за финансии надлежни за материјата на сметководството во рамки на нивните редовни работни обврски.